27558

12304

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 24 април 1981 год. ● стр. 10



### КРИТИЧКИ МОМЕНТИ

# Реафирмација на цртачката дисциплина на Мартиноски

**● ПО ПОВОД ИЗЛОЖБАТА НА ЦРТЕЖИ НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ ВО САЛОНОТ НА ДАУМ ВО ТРГОВСКИОТ ЦЕНТАР**

Неоспорно е дека појавата на Никола Мартиноски во македонската современа уметност означува ново поглавје и своевидно раскинување со зографската традиција на сметка на новите тенденции и движења во европските модерни струења. Исто така паѓа в очи дека неговиот ликовен израз не е никаков сувопарен импорт и повторување на некои туѓи стилски и содржински решенија — туку дека станува збор за уметник кој на својствен начин примени некои поуки (се школуваше во Букурешт) на својот исклучително богат пиктурален простор и со карактеристиките на своето поднебје.

Како што можеше да се очекува, неговото основно стилско определување е фигурацијата со експресионистичка цел и системот на градење на уметничкото дело. Покрај овие основни одредби на стилско — мотивската ориентација, Мартиноски секогаш воведуваше во делото нова сила, драмска димензија, лиризам, сензибилност, поетика и една обична човечка интима — изразена со виртуозната техника и конечниот впечаток на целината која пред сè, условува сигурен, безкомпромисен цртеж. Затоа е логично што во творештвото на Никола Мартиноски цртежот зазема значајно место без оглед што цртежот долго време е сметан само како помошно средство (скица, забелешка) на некоја друга ликовна дисциплина.

Цртежите на Никола Мартиноски како да почнуваат нова реафирмација на цртачката дисциплина која дури во наше време избори достојно место во ликовната хиерархија.

Иако Мартиноски посвети исклучително внимание на оваа ликовна дисциплина и остави бројни дела со капитална вредност, сепак во основа не можеме да го одделиме со строга линија создавањето — цртачкиот третман од сликарскиот. Повеќе би можело да се рече дека станува збор за едно логично единство што меѓусебно не само што не се исклучува, туку се збогатува со нови содржини во вечното проткајување на линијата и бојата (тонот), како исконска трага на земјата (површина) и просторот.

Настанувањето на презентираните цртежи на оваа изложба датира од 1967-1971 година, време во кое цртежот кај Мартиноски станува своевидна творечка релаксација по долгите и плодни сликарски години, како цртачка медитација и потреба за ликовна исповед. И овие цртежи главно ги содржат битните и препознатливи одлики на раката на уметникот.

Во овој креативен момент линијата е сигурна, само понекогаш немирна, што зборува за експресионистичкото убедување на уметничкиот и за негвата превосходна сликарска дејност. Меѓутоа, некои други облици и елементи, како што е „пирамидалната" организација на фигурата, односно композицијата — потоа конструктивноста и сугестијата на волуменот, облиците, а не боите, говорат за неговата скулпторска предиспозиција и чувство — без оглед што Никола Мартиноски е докажан како исклучителен колорист.

Иако изложбата сврте заслужено внимание, сепак тука се наметнуваат и некои нови прашања, па и потребата за поширока и поцелосна презентација на ликовниот опус на Никола Мартиноски.

**Богдан Видое Мусовиќ**